Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), **Градоначалникот на Општина Кавадарци**, на ден 24.02.2022година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ ДУП ЗА УЕ 5, ДЕЛ ОД БЛОК 5.5, „УНИ ПАЛАС“ КО КАВАДАРЦИ ГРАД, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ПЛАНСКИ ПЕРИОД: 2020 - 2025 кој се носи согласно програмските елементи дадени во ГУП, предходен ДУП, околни (соседни) ДУП-ови, Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18, 168/18), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.РМ, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16,134/16, 33/17, 86/18) и Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на ГУП, ДУП, УПС, УПВНМ и Регулациски план на ГУП (Сл.весник на РМ,бр.142/15), не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Кавадарци, http://www.kavadarci.gov.mk/.
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ ДУП ЗА УЕ 5, ДЕЛ ОД БЛОК 5.5, „УНИ ПАЛАС“
4. КО КАВАДАРЦИ ГРАД, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ПЛАНСКИ ПЕРИОД : 2020 - 2025 нема да има влијание врз животната средина од следните причини:
5. Од проектот не се очекуваат значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните проектни содржини не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето. .
6. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Одделението за урбанизам на Општина Кавадарци во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 11-1395/5
с.р
Место Кавадарци

Име и презиме

ОПШТИНАКАВАДАРЦИ
Градоначалник

м-р Митко Јанчев

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ КАВАДАРЦИ